Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр. Nr. УП1 14-2158
21-11-2019
Скопје - Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 126/16 и 127/16), министерот за образование и наука го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Меѓународен бизнис на Факултетот за странски јазици при Прв приватен универзитет ФОН во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Меѓународен бизнис на Факултет за странски јазици при Прв приватен универзитет ФОН во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

### Образложение

Прв приватен универзитет ФОН се има обратено со барање број 03-926/1 од 27.08.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП1 14-2158 од 03.09.2019 година, за издавање на решение за почеток со работа на студиска програма од втор циклус едногодишни студии по Меѓународен бизнис на Факултет за странски јазици, а по добиено Решение број 1409-14/8 од 11.06.2019 година за акредитација на студиската програма Меѓународен бизнис втор циклус студии на Факултет за странски јазици при Универзитет „ФОН" Скопје, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-2158 од 11.09.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-2158 од 19.09.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни студии по Меѓународен бизнис на Факултет за странски јазици при Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Министер,**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- Примач
- Архива

Подготвил: Билјана Анастасовска
Контролирал: Снежана Лузевска
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: Dr. Agim Rushiti